РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-257/6
18-02-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 09-3311/1 од 23.12.2025 година против лицето -------, пратеник во Собранието на РСМ, СЕ ЗАПИРА.

По повторна проверка на фактичката состојба, ДКСК не констатира повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за натамошно постапување.
Со донесување на оваа одлука постапката за порамнување поведена против службеното лице не произведува правно дејство.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3311/1 од 23.12.2025 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по донесен заклучок на Колегиумот одржан на ден 22.12.2025 година:
„По сопствена иницијатива на ДКСК, во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање да се оформи предмет против лицето -------, пратеник во Собранието на РСМ, поради не пријавување на промена на интересите согласно член 85 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, после проверка во Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека на ден 16.09.2025 година е основано Друштвото за градежништво, трговија и услуги ---------- Скопје, каде како сопственик се јавува лицето --------, негова ќерка, а како управител се јавува лицето ----------, негов син."

Имено, службеното лице ------- ја извршува функцијата пратеник во Собранието на РСМ од 21.05.2024 година, по што има доставено до ДКСК изјава за имотна состојба и интереси со бр. А.0801-1425 од 27.06.2024 година, од каде ДКСК утврди дека лицето ------- е негова ќерка, а лицето -------- е негов син.
При проверка во Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека на ден 16.09.2025 година е основано Друштвото за градежништво, трговија и услуги -------- Скопје со ЕМБС 7871287, каде како сопственик се јавува лицето -------, а како управител се јавува лицето ------.

Согласно наведеното, ДКСК по проверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени изјави за имотна состојба и интереси утврди дека лицето не пријавило промена на интересите кај своите блиски лица во законски предвидениот рок од 30 дена од основањето на горенаведеното друштво до ДКСК.

Во врска со наведеното ДКСК согласно член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапка за порамнување против лицето -------- по што на Записник со бр. 09-3311/2 од 31.12.2025 година констатира прекршок на член 85 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став (1) алинеја 3 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-3311/3 од 31.12.2025 година.

По понудената постапка за порамнување, именуваниот не изврши уплата на половина од предвидената глоба во законски предвидениот рок, но до ДКСК достави Приговори со бр. 09-257/1 од 12.01.2026 година, 09-257/2 од 12.01.2026 година и 09-257/3 од 23.01.2026 година бидејќи смета дека записникот со кој е констатиран прекршокот е неоснован и донесен спротивно на закон и дека е погрешно утврдена фактичката состојба, односно достави доказ дека неговите блиски лица (ќерка и син) не живеат во заедничко домаќинство со истото лице и немаат живеалиште на неговата адреса.

Имено, во Приговорот со бр. 09-257/3 од 23.01.2026 година лицето достави копија од Лична карта за лицето -------, издадена од МВР-Скопје на ден 17.03.2025 година, пријавено живеалиште е ул. „-------" бр.22/1-4, Чаир-Скопје и копија од Лична карта за лицето -------, издадена од МВР-Скопје на ден 17.03.2025 година, пријавено живеалиште е ул. „---------" бр.22/1-4, Чаир-Скопје.

Видно од поднесената Изјава за имотна состојба и интереси со бр. А.0801-1425 од 27.06.2024 година од страна на лицето -------, ДКСК утврди дека негова адреса на живеење е ул. ----, Глумово, Сарај – Скопје.

Видно од Тековната состојба на Друштвото за градежништво, трговија и услуги --------Скопје, каде како сопственик се јавува лицето -------, негова ќерка, а како управител се јавува лицето ------, негов син е регистрирана на ден 16.09.2025 година, по што ДКСК утврди дека лицето -------- немал обврска да пријави промена на интересите согласно член 85 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси со оглед на фактот дека неговите блиски лица наведени погоре не се членови на семејство во смисла на член 8 став (3) од истиот закон со кој е предвидено:
„(3) Под поимот „семејство“ во смисла на овој закон се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство.“

Имено, после поднесените приговори и приложување на релевантни докази од страна на лицето ------ во врска со постапувањето по овој предмет, ДКСК на Колегиумот одржан на ден 29.01.2026 година заклучи дека приговорите се прифаќаат, односно ДКСК констатира нова фактичка состојба во врска со постапувањето по горенаведениот предмет, по што Записникот за констатиран прекршок со бр. 09-3311/2 од 31.12.2025 година и издадениот Прекршочен платен налог со бр. 09-3311/3 од 31.12.2026 година ќе бидат поништени и нема да произведуваат правно дејство. Во врска со истото, ДКСК ќе го извести лицето -------- за ново настаната констатирана состојба.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: К.З., - раководител
Одобрил: м-р С.Д., - член на ДКСК